**оригинален научен труд**

**УДК 910.4(497.751)"18"**

# ПАТОПИСОТ „БЕЛЕШКИ ОД МОЕТО ПАТУВАЊЕ ОД ТЕТОВСКО" ОД 1891/92 ГОДИНА НА АНДРЕЈ СТОЈАНОВ

**Славчо Ковилоски**

*Институт за македонска литература, Скопје,Македонија*

**Key words:** travel literature, travel, Andrej Stojanov, Tetovo, Polog

**Summary:**Andrej Stojanov is the author of the great travel literature on Tetovo and the Tetovo area, titled *Notes on My Travel in the TetovoArea (Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско),* published as a series in the daily newspaper "Novini" („*Новини*") 1891/92. This work was certainly one of the most important travel literature works about Macedonia in the 19th century, if not the most important one, taking into consideration its length, serialization, as well as the variety of information it included on geography, toponymy, public customs, ethnography, etc. On that note, this text analyzes Stojanov's travel literature work, as published in the newspaper "Novini" for more than a year.

**Клучни зборови**: патопис, патување, Андреј Стојанов, Тетово, Полог

**Резиме:** Андреј Стојанов е автор на големото патописно дело за Тетово и Тетовско, *Белешки за моето патување во Тетовско*, објавувано во повеќе продолженија во весникот *Новини*. Овој патопис е еден од најважните патописни дела за Македонија во XIX век, ако не и највашниот, земајќи ја во предвид големината и времетраењето на издавањето, како и мноштвото информации за географијата, топонимијата, народните обичаи, етнографијата итн. Во овој текст се анализира неговиот патопис, објавуван во весникот *Новини* подолго од една година.

XIX век е период на експанзија на европската наука (образованието, медицината, историјата), но и на походи и истражувања на непознатите предели од Земјата. На Европејците, кои го промовирале колонијализмот, им било потребно да се здобијат со некакви основни предзнаења за земјите кон кои покажале интерес. Тоа вклучувало собирање на статистички податоци, како на пример, за националноста на населението, за бројноста на градовите и на селата, потоа за патиштата, за географската положба со опис на речните долини, планините, езерата, морињата и сл. Од тие патувања, многумина патописци со себе носеле голем број на значајни податоци, кои понекогаш биле само од статистичка природа, а понекогаш биле

преточувани во патописни репортажи со уметничка форма: раскази, романи или дури и поезија.

Даниел-Анри Пажо дава своевидна хронологија на развојот на патувањето во книжевноста: аџилак, патување и туризам (Пажо, 2002: 53). Тука никако не е исклучен автобиографскиот елемент, бидејќи патувачот, како што кажавме погоре, во своето дело вметнува и коментари и критички се осврнува кон она што го гледа. На тој начин можеме многу да дознаеме и за неговите политички сфаќања, за неговата положба во општеството, но и за неговиот животен пат (биографија), преку споредувањето, односно компарирањето на дадените елементи.

За тоа што е патописот и што претставува тој, пишувале голем број автори и кај сите се забележува заедничкиот став дека се работи за хибриден жанр во литературата, кој во себе може да содржи елементи од историјата, географијата, уметноста и др. Така, Пажо истакнува дека „Патописот е дело примерно ведро и потврдно, кое ја пренесува можноста и волјата на патникот да го гледа просторот и времето на другите луѓе и да го открие единството на човечкиот дух, како и различноста на општествата и на начините на заедничкото живеење: патникот е еден од толкувачките клучови на светот и историјата, особено кога има книшко знаење или философски дух. Патувањето, книжевноста од патувањето ги има како свои меѓи големите откритија во зората на новиот век и во големите колонијални зафати во XIX век: златното време на индивидуата вооружена со својот разум...“ (Пажо, 2002: 54-55).

Во однос на литературата, во македонскиот XIX век започнале да се појавуваат оригинални творби од македонски автори: песни, драми, раскази и патописи. Патописите уште од почетокот биле поврзувани со зголемениот интерес за собирање на народното творештво. Патописците по пат забележувале сè што ќе сретнеле, топонимија, машки и женски имиња, гатанки, поговорки, приказни, легенди. Сепак, вистински почетоци на македонскиот патопис датираат од средината на XIX век, кога започнал и развојот на македонската уметничка литература воопшто. Тој, во основа, е поврзан со просветителското движење во Европа и Македонија, со преродбенскиот период, кој имал големо значење за Македонија. Иако се сретнуваат фрагментарни патописни елементи кај Кирил Пејчиновиќ, за еден од првите вистински патописци се смета Јордан Хаџи Константинов-Џинот, кој во весникот „Цареградски вестник“ објавил голем број описи и репортажи на македонските градови Битола, Кратово, Прилеп, Охрид и др. Пообемни патописи и репортажи објавувиле: Ефрем Каранов,

Панајот Ѓиноски, Рајко Жинзифов, Евтим Спространов, Јаким Дерибанов, Кузман Шапкарев, Георги Трајчев, Бано М. Кушов, Антон Поп Стоилов и др. Патописните дела најчесто ги сретнуваме како дописки во весниците и списанијата, во дневниците, спомените и автобиографиите, ретко како посебни изданија (книги), потоа во писмата, но ги наоѓаме и како необјавени ракописи. Патописите најчесто биле објавувани во весниците „Новини“, „Вести“, „Цареградски вестник“, „Читалиште“, „Цвет“, „Лоза“, „Зорница“ и др.

Во таа група истакнати патописци,кои пишувале за Македонија влегува и Андреј Стојанов. Стојанов е автор на патописот за Тетово и за Тетовско, кој бил објавуван во повеќе продолженија во весникот „Новини“. Овој патопис, претставува еден од највжните патописи за Македонија од XIX век, со оглед на неговата големина (во 62 броја), времетраењето на издавање (една година и нецели два месеца), како и мноштвото информации за: географијата, топонимијата, народните обичаи, етнографијата итн. Од овој патопис, вонредно долг и богат со материјали, ќе се задржам само на поединечни моменти за кои сметам дека се интересни и важни за македонската патописна литература.

Од биографските податоци, кои можат да се најдат за Стојанов, може да се констатира дека тој бил учител повеќе од 15 години во различни градови низ Македонија. „Андреј Стојанов е роден во гр. Тетово... Виден општественик, публицист и фолклорист. Стојанов бил редовен соработник на в. Новини, Вести и др. Од неговото перо излегуваат многу статии – географско и битово опишување на Тетовско и Полог, приказни, пословици преданија и др.“, стои во кратката белешка за него во „Албум Македонија“, објавен меѓу двете светски војни во Софија (Албумъ-Алманахъ Македония, 1931: 103). Сепак, дешифрирањето на неговото вистинско место на раѓање не е толку едноставно, бидејќи во овој временски период сретнуваме уште тројца познати личности со истото име и презиме, кои живеат и дејствуваат кон крајот на XIX и на почетокот на XX век. Едниот од нив е родум од велешкото село Ореше и бил познат велешки војвода (Николов, 2001: 159). Вториот Стојанов бил од Воден и завршил право на Московскиот универзитет. Работел во руската администрација, а потоа бил избран за вицегувернер и гувернер на Варна. По извршувањето на тие функции, се вратил назад во Русија (Куманов, 1993: 244). Третиот Андреј Стојанов го сретнуваме во книгата на А. М. Селишчев „Полог и неговото бугарско население“ (Селишчев, 1981: 57-72). Таму стои дека А. Стојанов бил родум од бугарскиот град Габрово. Селишчев го претставил Стојанов како познат учител во Тетовско од 1866 до 1894 година, патописец, автор на патописната

репортажа „Белешки по моето патување од Тетовско". За А. Стојанов (од Габрово) некролог објавил весникот „Новини" од 1898 година, пишувајќи дека станувало збор за „достоен деец" и „одличен управник" на училиштето во Тетово (Некрологъ, Новини, 1898: брой 91, 4). Сепак, Селишчев пишува дека првите впечатоци на А. Стојанов од Полог биле во 1866 година, додека пак, самиот А. Стојанов во првиот број од својот патопис запишал дека веќе 7-8 години го обиколувал Тетовско и Гостиварско *поради неговата трговија*. Значи, доколку тој бил во Тетовско 7-8 години, а патописот започнал да се објавува во 1891 година, првите впечатоци од Полог би биле некаде 1883/84 година, а не во скоро две децении порано, како што забележал Селишчев.

Што се однесува до неговите белешки од Тетово и од Тетовско, првиот патопис е објавен на 14 март 1891 година во бројот 25. Последната објавена репортажа за тетовскиот крај е од 1 мај 1892 година, во бројот 62, под која стои дека ќе следува ново продолжение, но тоа го нема. Своето патување како трговец го започнал во 1883/84 година („пред 7-8 години") и тогаш се потрудил да се запознае со животот на тамошното население и со црковно-училишните работи (Стоянов, 1891 г: 1-2). Поради тоа што веќе добро се запознал со крајот, Стојанов решил своите впечатоци да ги презентира пред читателите, и поради тоа го замолил главниот уредник да му отстапи простор за неговите белешки, што уредникот и го направил.

Патот го започнал од Скопје, 7 часа кон запад, каде што во подножјето на Шар планина се наоѓал градот Тетово. „Лете целиот град бил потопен во пријатно зеленило на многубројните плодородни дрвја, кои прават Тетово да изгледа како село. Над градот величенствено се издига убавата Шар Планина, а пред него е пространото, многу плодородно, Тетовско Поле, кое е долго околу 12 часови и широко 1 1/2". Бидејќи полето претставувало нешто како тетива со околните лакови и планини, Турците го викале градот Калканделен, што значело нешто оптегнато. Низ Тетово течела една малечка река наречена Шарска или Тетовска Река. Таа, на неколку места, течела и низ дворовите на тетовските куќи, а освен тоа во градот имало и многу чешми. Но, сепак, квалитетот на водата од некои од чешмите бил многу лош, што влијаело и врз здравјето на граѓаните. Како најдобра вода за пиење, Стојанов ја наведува чешмата кај градскиот часовник.

Климата била добра, умерена и благопријатна за здравјето. Меѓутоа, и покрај ваквите погодности, тетовците честопати се разболувале, најмногу поради тоа што не внимавале на здравјето, не се

лекувале навреме или пак купувале лекови од измамници. Во овој, навистина обемен патопис, и покрај сите предуслови за градот да порасне во голем и убав градски центар, Стојанов е дециден: „Тетово не е убав град. Куќите му се обични и сите еднокатни и двокатни. Улиците се тесни, криви, неубаво направени и нечисти“. Забележал и дека во градот имало многу џамии.

Во описот на занаетите, Стојанов забележал дека најдобрите лебари биле тетовските, кои работеле во: Одеса, Киев и Петребург во Русија, додека во Србија и Грција многу малку оделе на печалба. Трговијата била слаба, а оттука се изнесувале сурови кожи, волна, грав, кои сепак не биле доволни за задоволување на пазарот, бидејќи биле во мали количества. И занаетите не биле во добра состојба. Единствено железарството цутело некое време, но и тоа набргу замрело.

Стојанов дал богати информации за облеката, за која забележал дека кај мажите била различна. Се состоела од широки гаќи, голем појас и „фермене“, горен дел без ракави, исшаран со многу гајтани. Интересен е податокот дека таквиот начин на облекување тогаш брзо почнал да се заменува со европска облека. Женската облека, пак, била побогата и се состоела од широки гаќи, еден „минтан“ и еден „елек“ – и двата тесни и кратки, „џубе“ – долга горна облека без ракави со широки поли, појас за половината и фес за на глава. Особено раскошна била празничната облека. Била изработена од свила, од маслиново или зелено кадифе, а „џубето“ од убаво црвено „сукно“, и сето тоа исшарано со златни шари.

При патувањето, Стојанов покажал интерес и кон фолклорот. Запишал неколку народни песни и поговорки од Тетовско, кои ги приложил на страниците на „Новини“, како дел од неговиот патопис (Стоянов, 1891 д: 2-3). Една од причините за ваквиот негов интерес била и таа да покаже со каков јазик се служело населението од тетовскиот крај. Приложуваме извадок од една песна:

„Излегов да се расшетам, леле,
Излегов да се расшетам
Низ лозе, низ бело грозде, леле,
Там најдов моме грајанче, леле,
Под бели чадор седеше, леле,
Господа си го молеше, леле,
Господе мили, Господе, леле,
Земјата да ја помириш, леле,
Момите да са ожа, леле,
Момците да са ожена, леле...“

Песната укажува на македонското говорно подрачје, односно на тетовскиот дијалект. Стојанов забележал дека во јазикот имало многу странски зборови и дека голем број од странските песни тетовци ги научиле од Циганките, додека пак, сопственото песнотворство се изгубило. Но, и покрај тоа, тој истакнал дека: „Чистиот и богат јазик е најголемото богатство и најголемата убавина на секој народ. Ако се расипе јазикот, се расипува и благородството и умствената сила и чистотата на срцето на народот".

Стојанов дал описи и за црквата и духовниот живот. Духовниот живот на тетовци се пројавувал и развивал во црквата и во училиштето. Тој бил загрижен поради неукоста на народот, која произлегла од негрижата за христијаните од страна на свештениците, кои не биле подготвени за должноста што ја извршувале. Според него, тие биле неспособни и не знаеле ништо. „Недостојни свештеници ја ослабеа Тетовската црква и направија да не може таа да дава светлина и крепост во душата и умот на народот" (Стоянов, 1891 е: 2). Во однос на прашањето за црквата, Стојанов е контадикторен. Најпрво наведува дека тетовците немале црква, за потоа да забележи дека „тие многу сакаат да одат во црква и празнуваат многу празници во годината". Тетовците, запишал тој, немале црква „туку се собирале за молење во една голема одаја на долниот кат на училиштето". Секое семејство и секој еснаф имале по еден светец за покровител. За време на празникот се служело за нив. Дека имале црква, тој зборува и подолу во својот текст, каде што ќе забележиме: „на излегување од црквата"; потоа „многу е подобро (мисли на тетовците - б.м.) и пополезно да ја носат пченицата неварена во црквата", итн. Причината била едноставна: дел од варената пченица ќе се изедел, а дел ќе се изгазел при службата.Можело да се собере и до 4-5 товари неварена пченица, што подоцна им се давала на сиромасите. Меѓутоа, сиромаштијата, неслогата и пропагандите го направиле своето, па целокупниот црковен живот во Тетовско полека замирал. Затоа, Стојанов апелирал до граѓаните да дадат по нешто од своите имоти на црквата или на училиштето, бидејќи „ќе донесе полза на народот и ќе направи да не умре името на дарителот". Авторот на овие редови настојувал да ги обедини тетовците во едно и поради силната српска пропаганда, која постоела во тој крај, а на која требало да ѝ се спротивстават. Сметал дека тие повеќе оставале на манастирите, кои ја негувале словенската писменост. Таа писменост била зачувана благодарение и на развивањето на учебното дело во Тетово (Стоянов, 1891 ж: 1-2). Тетовците заслужувале голема пофалба за тоа што знаеле да ја

зачуваат писменоста, која им ја оставиле во наследство светите браќа Кирил и Методиј.

Со изградбата на новото училиште, учебното дело заживеало, бидејќи старото училиште не исполнувало ниту еден услов за нормална работа. Тоа дури немало ни столчиња за учениците ни друг училишен прибор. Учителите ги плаќала црковната општина, односно Егзархијата, па поради таа причина на училиште можеле да одат и најсиромашните деца. Сепак, и покрај овие 100-200 ученици, општината немала голем напредок, бидејќи самите учители не биле доволно образувани за да им ги пренесат знаењата на учениците. Стојанов со право забележал дека „механичкото читање, наизустицата и псалтирот не можат ни најмалку да го развијат умот на детето“. Тој го истакнал трудот, кој го вложиле поп Јаков Сазданов и Серафим Архимандрит да основаат училишта во своите куќи. Требало да им се оддаде почит бидејќи со голем жар сакале да му помогнат на учебното дело. Макар што „Тетово е блиску до убавото Скопје, и Тетовчани видоа колкаво големо учество земаа благородните Скопјани во борбата по црковното прашање, но тие не се повлијаеа од тој пример, а останаа ладнокрвни кон народниот стремеж, сега и тогаш...“.

Во овој богат патопис, Стојанов дал и табела на учители од 1832 до 1883 година, која претставува голем придонес кон проучувањето на учебното дело во Тетовско, бидејќи табелата е детаљна и ги содржи името и презимето на учителите, местото на раѓање, каде учеле, од кога учителствувале во Тетово, со која метода и со кои учебници се служеле, кој ги издржувал и други забелешки. Новата метода на учење и новите учебници за првпат во тетовското училиште ги вовел учителот Нестор Данаилов од селото Тресонче, Дебарско. Во учебната 1878/76 година, тој учел околу 90 ученици. По него станал учител Иван Х. Г. Илиев од Дебар, кој учел во манастирот Св. Јован Бигорски. Тука ќе ги сретнеме имињата на Христо Чкулка, Цветко Смилков, поп Саве, поп Смилко, поп Јаков Сазданов, како и Јордан Хаџи Константинов, Крсто Галиганов, Гешо Стефанов, Михаил Христов и др.

Стојанов ги анализирал учебните години. Бројот на ученици и ученички варирал од 160 ученици и 30 ученички до 220 ученици и 46 ученички (Стоянов, 1891 з: 2). Една од причините за ваквите варијации биле свадбите при што невестите давале големи дарови и со тоа трошеле многу пари, а другата била што голем број тетовци мислеле дека на жените не им требало училиште. Тој ќе укаже на потребата за одење на жените во училиште, од проста причина што жената управувала со куќата, а детето учело да зборува од мајка си. Ако таа не

знаела, тоа се одразувало на детето, а згора на тоа: „учената жена е десна рака и светлина на мажот си...“. Стојанов инсистирал девојчињата да одат во училишта. Ваквата појава на необразување придонела ниту една од возрасните жени да не знае да ја каже молитвата „Оче наш“, ниту „Верују“, ни некоја друга молитва. Од младите на училиште оделе едвај 10-12 %, но бидејќи не биле редовни, и тоа што го научиле, го заборавиле. За него „без славни и полезни дела, животот е мртов“, а такви дела можат да се прават само со учењето. За споредба ги дава европските народи, кои, благодарение на науката, секојдневно откривале нови нешта: параходите, телеграфот, железниците, а претходно ја откриле и Америка.

Продолжувајќи ги своите белешки во бројот 40 (Стоянов, 1891 s: 2), Стојанов го довршил своето мислење за учењето. Постарите не знаеле што е сукно, а што е свила, па поради тоа носеле искинати алишта од кои им се гледало месото; тие живееле во темни и ниски куќи. Со знаењето дошол и напредокот, па така тие ја научиле убавината на сукното и на свилата, а куќите ги правеле високи, светли и убави. Стојанов на учебното дело се задржува скоро преку целиот број, за кон средината „да се помачам да претставам пред љубезните читатели едно кратко опишување на неговите села (се однесува на Тетово и на неговите села - б.м.)“. Така, „многу пријатно и полезно е за човек да патува по селата, особено преку летните месеци, кога сè во природата дише живот и сладост. Величенствениот изглед на планините, кои, надалеку, гледаме се соединуваат со синото небо, ја полни душата на патникот со некаква таинствена и пријатно возбудувачка сила...“. Душата и мислата на патникот се раздвижувале и од запознавањето на животот на селаните. Тој живот бил исполнет со труд, чистота и простодушност. Таа убавина била нарушена од малите и темни куќи на селаните, нивните безбројни суеверија и празни стравови. Стојанов сметал дека сето тоа било поради незнаењето: „знаењето е сила, а селаните немаат знаење и затоа се слаби“. Тој забележал и уште една поука: „граѓаните живеат од трудот на селата, и ако селата не се добри, тогаш нема да бидат добри и градовите“. И: „блазе на онаа земја, која има просветени и богати села!“.

Пред да почне со опишување на селата, Стојанов им се извинува на читателите што времето не му дозволувало да ги опише селата како што ги запаметил тој во душата и во умот. Затоа, бара читателите да се задоволат и со кратките белешки. Тие белешки што ги дал за селата се преку 180, што не е мала бројка и што секако не претставуваат толку кратки колку што наведува авторот. Тоа значи дека патописецот имал да пишува уште многу. И во овој случај објавеното патување по

Тетово и по Тетовско, никако не е кратко и не е незабележително. Всушност, Стојанов дал прекрасен преглед на селските обичаи и навики, како и на самата местоположба на селата.

Првото село, кое го опишал е Ласце. Тоа е и единственото во овој број (бр. 41) на „Новини“. Селото Ласце, за кое стана збор, било распослано на врвот на Ел Тепе, над самото Тетово, на растојание од 3/4 од градот. До него се одело по стрмниот пат, кој поминувал низ тетовските лозја. Имало 16 христијански куќи, а во неговата околина се наоѓале разрушениот манастир „Св. Атанас“ и една црква. Селото Ласце било чифлик. На десетина минути од Ласце, на самиот врв Бел Тепе биле рушевините од тврдината направена по наредба од тетовскиот мутишериф Абдул Рахман, од пред 80 години (Стоянов, 1891 и: 2). На неа се работело цели 20 години, но по неговото заминување во Цариград, тој не се вратил повеќе назад, а тврдината започнала да се распаѓа. Тоа место кај тетовци било познато под името „Калето“ и внатре во него биле и рушевините од манастирот „Св. Атанасиј“. Граѓаните честопати оделе таму да поседат и да се надишат чист воздух. Оттаму се гледал голем дел од Тетовско Поле, сè до населбата Костово.

Весникот ќе ја продолжи таа практика да објавува описи на по неколку села во продолжение. Второто село кое го опишал Стојанов било селото Гермо, на еден час далечина од Ласце. Тоа било арнаутско село со 30 куќи и една џамија. Селаните биле сиромашни. Затоа оделе на печалба во Влашко, каде што се занимавале со правење боза и алва. Потоа следува описот на селото Порој, на половина час оддалеченост од Гермо, во полите на Шар Планина. Селото од Тетово било оддалечено 3/4 од часот; имало 80 арнаутски куќи и една џамија. Рекичката, која течела низ селото преку пролет со себе влечела и песок и камења од планината. Нешто слично на Порој, кое наоѓало во подножјето на планината било и Џепчишта. Низ него течела мала рекичка, која го делела селото на два дела: едниот дел бил со 70 арнаутски куќи, а другиот дел со 11 христијански. Арнаутите имале џамија, додека пак христијанското население своите духовни потреби ги извршувале во црква во Тетово или во блиските села Сетуле и Лешок. Во близина на селото се наоѓала разрушена црква, каде што се собирале селаните двапати годишно да празнуваат, на 18 јануари и на 15 август. Од тука во Тетово се продавало и големо количество на: цреши, јаболка, сливи и костени.

Селото Едуарци броело 15 христијански куќи. Селаните оделе во црквата во Сетуле, каде што учеле и нивните деца. И ова село било богато со цреши, сливи, јаболка и костени. Над него се наоѓало селото

Сетуле (1/4 час растојание). Броело 50 христијански куќи, една црква и едно училиште со три одделенија и еден учител. Имало вкупно 110 ученици, од кои 20-30 девојчиња. Во него учеле и децата од селото Отуне. Стојанов бил посебно вчудоневиден од успехот на учениците и од нивното знаење. Отуне се наоѓало подолу од Сетуле; броело 30 христијански куќи и една црква „Св. Георги“. Селаните се занимавале со лебарство. Местото било богато со овошки. Последно село од репортажата на Стојанов во овој број (бр. 41) е Непроштено, кое се наоѓало на еден час оддалеченост од Отуне. Сместено било во подножјето на планината, имало две цркви: „Св. Архангел“ и „Св. Илија“, во неговиот атар се наоѓала гора со костенови дрвја. Учебното дело тука потфрлило бидејќи само 5-6 деца го посетувале училиштето во Лешок. Описот на Непроштено завршува во бројот 42 од „Новини“ (Стоянов, 1891 ј: 2). Тука се сретнуваме со податокот дека Непроштенци работеле во туѓина како лебари и бозаџии.

Практиката на Стојанов или на уредникот на весникот описот на едно село да продолжи во друг број, само ја разбива хомогеноста на текстот. Имено, селото што се разработува, во овој случај Непроштено, не претставува целина сама за себе, туку и она малку што е напишано сега се раскинува на два дела, што влијае кај читателот да не може да стекне вистински впечаток за населеното место. Доколку читателот купел еден број (бр. 41), а не бил во можност да го купи следниот број (бр. 42), тогаш тој останувал посиромашен за неколку податоци.

Во бројот 42 даден е описот на селото Варвара, на еден час растојание од Непроштено. Тоа имало 25 куќи. Погледот од селото бил прекрасен, но тој бил расипан од грубо направените куќи и поради тоа „никако не се во согласност со убавините на природата и со барањата за хигиена“. Куќите биле мали, ниски, покриени со слама и немале оџаци за излегување на чадот. Описот на Варвара е пообемен од претходните описи на селата, исто како и описот на Лешок. Ова село имало 80 куќи, а било значајно поради манастирот кој бил единствен во Тетовско. Училиштето броело 60 ученици, со 4 одделенија. Тука се одржувале и селските испити, на кои доаѓале селани од околните села. Бидејќи тие испити се одржувале на отворено, учениците доаѓале убаво облечени, измиени и подготвени. Во околината на Лешок имало рушевини од повеќе цркви – „Црквишта“, а тука се колел курбан. Оваа кратка историја на селото, Стојанов ја завршил со споменување на Кирил Пејчиновиќ и неговата книга „Утешение грешним“. Како што претходно споменавме, практиката на објавување на описот на едно село во два броја, продолжила и тука, па крајот на описот на Лешок го наоѓаме во бројот 43 (Стоянов, 1891 к, 1-2). Тука се дадени

празнувањата и обичаите на лешочани, нивната облека, неколку песни и др.

Во текот на следните броеви, Стојанов ќе се задржи на описите на селата Брезно (Стоянов, 1891 л: 2) „расположено е на високо место", во чија близина имало мало езерце, кое „може да се обиколи за 10-15 минути; тоа го носи името на селото и се формира од водите кои истекуваат од околните височини во котлината на езерцето"; Слатино со 50 арнаутски и 10 христијански куќи и една џамија; Теарце, родното село на Пејчиновиќ, со 120 турски куќи и една џамија, и 80 христијански куќи, една црква и училиште во кое учеле 20-30 деца; Отушиште, со околу 60 арнаутски и христијански куќи; Пршовци, со 30 арнаутски куќи и една џамија. Селото Елошник имало 50 куќи, една црква и училиште. Било познато по убавите ореви. Над селото се наоѓал манастирот „Благовештение", при што Стојанов ја забележал и песната што ја пееле свештениците за време на богослужбата, која се одржувала тука секоја година на 25 март; следувало селото Глоги, потоа: Доброште, Одри, Првце, Беловиште, Вратница, Старо село, Ораше, итн (Стоянов, 1891 љ: 2).

Покрај описите на селата Рогачево (Стоянов, 1891 м: 2), Јажинци, Стража, дадени се многубројни информации за сите села во Тетовско, макар и по неколку реченици. Стојанов настојувал да обрне внимание на деталите. На моменти, ако самиот тој проценел дека значењето на селото е поголемо, тогаш се менувала и структурата на исказот. Од обично лоцирање на местоположбата на селото и на бројот на куќите, патописецот расправал и за неговата историја, празнувањата и обичаите, како и за училишното дело. На пример, на селата од под редните броеви 32 до 39 (од Реканци до Прељубиште) се наведени со информации од по 2-3 реченици, за разлика од претходно обработените: Лешок, Теарце и Елошник, на кои им е посветен далеку поголем простор (таков пример имаме и од број 61 до 71 – од Ласкарци до Груишин (Стоянов, 1891 а: 2) и др.

Особено е значаен описот на обичаите и разликите на христијанското население во тетовскиот крај, што го дал Стојанов. Тој опис започнува во бројот 17 (Стоянов, 1891 б: 2), додека во следниот број се дадени карактеристиките на женската облека во Горен Полог (Стоянов, 1891 в: 2). Стојанов наведува дури 14 различни парчиња облека, не вклучувајќи ги и украсите за на уши што ги носеле жените (носеле закачени по 3-4 стари пари).

Од селото Ничифорово или Никифорово, Стојанов ни пренесува една народна песна и ни дава прекрасен опис на селото Маврово. На североисток од селото се наоѓале Мавровите анови, на патот за Дебар,

каде што постојани имало стражари и војска за чување на патот од разбојници (станувало збор за остатоци од дервенџискиот систем).

Пример за облеката на жените во Тетовско, Стојанов дава и од селото Дух (селото е познато и како Дуф - б.м.). Тоа било најкрајното тетовско село, на 10 часови оддалеченост од градот (Стоянов, 1892 а: 2). Тука жените носеле 11 различни облеки.

При описот на селото Дебреше, Стојанов за задржал на училишното дело (Стоянов, 1892 б: 2). Тој ги поттикнувал ги селаните да ги испраќаат своите деца на училиште. Направил пресметки на домашниот буџет на секое семејство, велејќи дека подобро е човек да се откаже од пушење и од пиење и со тие заштедени пари да го прати детето да учи, отколку при очи да го остави слепо. Ова е последниот објавен запис на Андреј Стојанов од неговото патување по Тетовско. Веќе споменавме дека иако под текстот стои „следува“, продолжение нема.

Стојанов во патописот вложил голема енергија. Патописот течел повеќе од една година во весникот „Новини“, притоа понекогаш неколку броеви по ред, а понекогаш со прескокнување на два или три броеви. Сепак, во периодот кога излегувал, оставил значаен белег во весникот и кај читателската публика, бидејќи бил најпостојана рубрика што ја имал весникот од еден автор. Авторот, пак, се надминал себеси при соопштувањето на деталите. Неговата упорност придонесла овие патувања да станат пример како се пишуваат патописни белешки и знак за квалитет. Него го краси убавината при описот и начинот на опишување, подробностите, но и драгоцените етнографски, географски, историски и фолклорни информации. Овие белешки се убав пример како требало да се однесува еден патописец кон местата што ги пропатувал, но и кон неговите жители.

**Литература:**

*Албумъ-Алманахъ Македония*. 1931. София.

Куманов, Милен. 1993. *Македония, кратък исторически справочник*. ТИНАПРЕС, София.

Некрологъ. (1898). *Новини*, брой 91, 25 септемврий.

Николов Й., Борис. 2001. *Вътрешна македоно-одринска революционна организация, войводи и ръководители (1893-1934), биографично-библиографски справочник*, София.

Пажо, Даниел-Анри. 2001. *Општа и компаративна книжевност*. Македонска книга, Скопје.

Селищчев, А. М. 1981. *Полог и неговото българско население, фототипно издание*, София: Наука и изкуство.

Стоянов, А. 1891 а. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 16, 15 ноемврий.
Стоянов, А. 1891 б. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 17, 19 ноемврий.
Стоянов, А. 1891 в. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 18, 22 ноемврий.
Стоянов, А. 1891 г. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 20, 7 февруарий.
Стоянов, А. 1891 д. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 25, 14 мартъ.
Стоянов, А. 1891 ѓ. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 27-28, 24 декемврий.
Стоянов, А. 1891 е. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 34, 16 май.
Стоянов, А. 1891 ж. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 36, 30 май.
Стоянов, А. 1891 з. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 39, 20 јуний.
Стоянов, А. 1891 ѕ. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 40, 27 јуний.
Стоянов, А. 1891 и. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско *Новини*, брой 41, 4 јулий.
Стоянов, А. 1891 ј. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 42, 11 јулий.
Стоянов, А. 1891 к. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 43, 18 јулий.
Стоянов, А. 1891 л. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 47, 15 августъ.
Стоянов, А. 1891 љ. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 48, 19 августъ.
Стоянов, А. 1891 м. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 51, 12 септемврий.
Стоянов, А. 1892 а. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 30, 3 ануарий.
Стоянов, А. 1892 б. Бѣлѣжки по пѫтуванието ми изъ Тетовско. *Новини*, брой 62, 1 май.